**З А П И С Н И К**
**од Сто и петтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.11.2018 година**

**Скопје, ноември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 27.11.2018 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и д-р Стево Пендаровски, Национален координатор за подготовка на Македонија за членство во НАТО, Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Зоран Ангеловски, директор на Оперативно техничката агенција и Билјана Пецевски, нотарка.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Асаф Адеми, министер за култура.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 102-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 13.11.2018 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- *Состојби и напредок во процесот на европска интеграција*
  - *Информација за воведените привремени заштитни мерки за увоз во Европската Унија на одредени челични производи од Република Македонија*
  - *План 18*
- *Користење и имплементација на фондовите од ЕУ*
  - *Информација за ревидирање на Единствена листа на проекти составена од секторските листи, со прилози*

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „Фпц технопласт“ ДООЕЛ увоз-извоз Илинден
2. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од спроведување на постапка за набавка на услуги за независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во Технолошката индустриска развојна зона Тетово

3. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

4. Информација за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија „Дура аутомотиве“ ДООЕЛ Илинден

5. Барање за донесување на одлука за отстапување на 200 000 килограми мазут М-1 и 20 000 литри екстра лесно гориво (нафта за домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ - Скопје

Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика

Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје

7. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Македонија за Светската трговска организација

8. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање и делокруг на Координативно тело за интелектуална сопственост

9. Информација во врска со утврдување на вредноста на бодот за плата на вработените во Оперативно техничката агенција, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за престанок на правото на користење на недвижна ствар, сопственост на Република Македонија и

Предлог-одлука за пренесување право на сопственост на недвижна ствар, сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци без надомест

**б) Економски систем и тековна економска политика**

11. Информација за потребата од склучување на Амандман бр.1 на Договорот за гаранција, склучен помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - V фаза

12. Информација за преземени активности, статус и следни чекори во врска со формирањето на извршно тело за безбедност во сообраќајот

13. Информација во врска со потребата за измена и дополнување на Законот за воздухопловство во делот на осигурување за штета причинета на трети лица на давателот на услуги на воздухопловната навигација

14. Информација во врска со одржување на Шеснаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 29-ти ноември 2018 година во Скопје, Република Македонија

15. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел „Корзо" - Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

16. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од Хотел „Шумски фенери" - Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

17. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци" со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Горица" од с. Чешиново, со
Предлог-одлука за еднострано раскинување на Договорот и
Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето

18. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр. 1 „Базерник", бр.2 „Лесково", бр.3 „Журче" и бр.4 „Прибилци" со кои управува концесионерот Здружение на ловци „Долина на мечките" од Демир Хисар, со Предлог-одлука за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштата

19. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр. 2 „Симница", бр.3 „Јеловце", и бр.6 „Балин Дол" со кои управува концесионерот ДПТУ „АС-комерц Владимир" ДООЕЛ експорт-импорт од Гостивар, со Предлог-одлука за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштата

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација и предтретман на отпадни води во нас. Оморани (Васил Антевски Дрен) КО Оморани, Општина Чашка, со Предлог-одлука

21. Информација за иницијатива Република Македонија да биде земја домаќин на вториот „Светски конгрес на претприемачи" во 2019 година

**в) Политички систем**

22. Предлог за отворање на почесен конзулат на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, со Предлог-одлука

23. Предлог за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, со Предлог-решение

24. Информација за отворање почесен конзулат на Мексико во Република Македонија, со седиште во Скопје, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за именување на почесен конзул на Мексико во Република Македонија, со седиште во Скопје, со Предлог-одлука

26. Информација за преземените мерки во врска со понатамошниот развој и промоција на АП „Криволак“ како меѓународен полигон за обука и извежбување

27. Информација за Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2018 година, со Предлог-програма

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

28. Информација со Акциски план на Република Македонија за превенција и контрола на незаразни болести до 2025 година

29. Информација за отпочнување на постапката за формирање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност

30. Информација за учество на Република Македонија во проектната иницијатива „Регионален фонд за предизвици“ („Regional Challenge Fund“) на Германската развојна банка KfW

31. Информација за проширување на мрежата на детски градинки/центри за ран детски развој во Република Македонија

32. Информација за текот на реализација на проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2018 година

33. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул. “101” б.б. - Вратница, КП. 1443/17 КО Вратница - Општина Јегуновце

34. Информација за просторот наменет за Центар за книга или Он-стоп канцеларија врз основа на Меморандум за соработка бр.13-10712/1 од 21.10.2015 година

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

35. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги „Линди

гуроре“ ДООЕЛ увоз-извоз с. Стрелци, Кичево на локалитетот „Становец 2“, Општина Кичево

36. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за трговија и услуги Минерал МГТ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Гечерлиски Рид - 2“, Општина Босилово

37. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени

38. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Битола

**б) Политички систем**

39. Барање на Лумније Мачани за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

40. Барање на Зекирај Милазим за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

41. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок на користење и давање на користење на недвижна ствар

42. Предлог-одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправен дом Идризово

43. Предлог-одлука за отстапување на користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Кичево

45. Предлог одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба

46. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил - Скопје

47. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижни ствари (44-9891/1)

48. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижни ствари (44-9892/1)

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Центарот за современа ликовна уметност - Прилеп

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

50. Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2019 година

51. Финансиски план на Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2019 година

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

52. Понуда од нотарката Љиљана Трпковска од Тетово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101524 за КО Тетово за КО Тетово на КП 5360 викано место/улица „Град Тетово“

53. Понуда од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотел лист бр. 960136 за КО Чаир на КП бр. 3016

54. Понуда од нотарот Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2567 за КО Чаир за КП бр.3021

55. Понуда од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2542 за КО Чаир на КП бр. 2950

56. Понуда од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2537 за КО Чаир на КП бр. 3016

57. Понуда од нотарт Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2536 за КО Чаир на КП бр. 2993

58. Понуда од нотар Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2565 за КО Чаир на КП бр.3004

59. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2547 за КО Чаир на КП бр.3009

60. Понуда од нотарката Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94660 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев на КП бр.3488

61. Понуда од нотарот Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95142 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.3948

62. Известување од извршителт Игор Ромевски од Скопје за налог за извршување врз недвижност под И бр.2449/18

63. Известување од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставени под И бр.813/18

**д) Други предлози**

64. Кадровски прашања

65. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

66. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП „Службен весник на Република Македонија " за периодот јули-септември 2018 година

67. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈПВ „Лисиче"-Велес за периодот јули-септември 2018 година

68. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година

69. Информација за потребата од вклучување на Геолошкиот завод на Република Македонија во меѓународни проекти и отворање на меѓународна сметка за проекти од Европска Унија и проекти преку Асоцијацијата на Европските геолошки заводи (EuroGeoSurveys-EGS)

70. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за вработување на Република Македонија-сметка на буџет на фонд

71. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Универзитетот во Тетово, Сметка на основен буџет (603), Сметка на буџет од самофинансирачки активности (788-10) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (788-25)

72. Конечни извештаи на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност за 2017 година во ЈЗУ Општа болница „Куманово" - Куманово, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

73. Известување во врска со Записникот за давање на дар на Република Македонија од страна на лицето Петар Егуменовски

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

74. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија

75. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка

76. Предлог-закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, по скратена постапка

77. Информација за потребата од склучување на Договор за грант за проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2", помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој

78. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2019 година

79. Информација за доделување на државната награда „22 Ноември" - признание за унапредување на меѓучовечкиот соживот и меѓусебното разбирање меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери

80. Информација за изработката на Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41. сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО со Предлог на извештај

81. Информација со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистичко проектна документација за Државна урбанистичко планска документација за брана и акумулација Слупчанска Река, Општина Липково на: КП бр.2, КП бр. 3, КП бр. 4, КП бр. 5, КП бр. 6, КП бр. 7, КП бр. 8, КП бр. 9, КП бр. 10, КП бр. 11, КП бр. 12, КП бр. 13, КП бр. 14, КП бр.31/1, КП бр.32, КП бр.33, КП бр.34, КП бр.35, КП бр.2731/1, КП бр.2733, КП бр.2762 и КП бр.2748 во КО Слупчане - вон град и КП бр. 30/2, КП бр. 886, КП бр. 888, КП бр. 1263, КП бр. 1263, КП бр. 1270 и КП бр. 2762 во КО Руница

82. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за склучување на Анекси бр.1 на договорите за заем на МЖ „Транспорт " АД,Скопје

83. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за давање на заем на МЖ „Транспорт“ АД, Скопје

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 102-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 13.11.2018 година.

*

*          *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

- *Информација за воведените привремени заштитни мерки за увоз во Европската Унија на одредени челични производи од Република Македонија*

Владата ја разгледа Информацијата за воведените привремени заштитни мерки за увоз во Европската Унија на одредени челични производи од Република Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите релевантни министерства и државни органи, целокупната комуникација по ова прашање со Европската комисија да ја вршат преку Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за економија, како институција надлежна за трговската политика и за челичната индустрија (освен материјалот за Протоколот за челик во рамки на ССА кој беше доставен до Секретаријатот за европски прашања), да достави предлог аргументи кои би се користеле на консултациите со Европската комисија, најдоцна до 29.11.2018 година.

3. Се задолжува Царинската управа на Република Македонија претходно доставениот материјал за потекло на производите, да го дополни со конкретни податоци за потеклото на репроматеријалите користени при производството на засегнатите производи, како и да достави податоци за преференцијален и непреференцијален извоз на споменатите производи во Европската Унија (за периодот 2015 - 2018 година), најдоцна до 29.11.2018 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, компилираниот материјал, на англиски јазик, да го достави до Европската комисија веднаш по финализирање на истиот од страна на релевантните институции, а најдоцна до 30.11.2018 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во координација со Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи,

Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и Царинската управа на Република Македонија, да направи подготовка и да ја утврди делегацијата од Република Македонија која ќе присуствува на состанокот/консултациите со Европската комисија, кој ќе се одржи на почетокот на декември 2018 година, пред донесување на одлуката од страна на Европската Унија за евентуално продолжување на заштитните мерки за челични производи.

- *План 18*

Владата го разгледа Планот 18 и го усвои дадениот табеларен извештај со следните заклучоци:
1. Се задолжуваат сите институции носители да доставуваат статус на реализација и трак рекорд за мерките до Секретаријатот за европски прашања, секој петок до крајот на работното време.
2. Врз основа на претходно утврдената потреба, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и Секретаријатот за европски прашања ќе организираат институционални средби со институциите носители.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

- *Информација за ревидирање на Единствена листа на проекти составена од секторските листи, со прилози*

Владата ја разгледа Информацијата за ревидирање на Единствена листа на проекти составена од секторските листи, со прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои ревидираната Единствена листа на проекти составена од секторските листи (согласно укажувањата на Владата - Прилог 2).

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, да ги ревидира обрасците за идентификација на проекти (ОИП) и обрасците за проценка на стратешката важност (ОПСВ) - согласно укажувањето од Владата и официјално најдоцна до 30.11.2018 година да ги достави до Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, Единствената листа на проекти, најдоцна до 28.11.2018 година да ја достави до Европската комисија.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира состанок на Националниот инвестициски комитет (во полн состав) каде ќе се презентира комплетираната Единствена листа на проекти заедно со предлог-проектите за инвестициски грантови, кои ќе се поднесат во 4-от повик на 28.11 2018 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „ФПЦ технопласт“ ДООЕЛ увоз- извоз Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за доделување на државна помош бр.13-475/1 од 9.3.2016 година и бр.13-475/2 од 22.8.2016 година, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги „ФПЦ технопласт“ увоз-извоз Илинден, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спроведување на постапка за набавка на услуги за независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во Технолошката индустриска развојна зона Тетово, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во најбрз можен рок заеднички со приватниот партнер да спроведе постапка за набавка на услуги за независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во Технолошката индустриска развојна зона Тетово.

2. Се задолжува Советот за јавно приватно партнерство по спроведената набавка на услуги за независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во Технолошката индустриска развојна зона Тетово да изврши анализа на состојбата на Договорот за јавно приватно партнерство со документацијата добиена од истиот.

3. Се задолжува Министерството за економија како надлежен орган за јавно приватно партнерство да го преземе следењето на реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство ОДУ 69/13 со документацијата за јавна набавка на услуги за независен надзорен орган.

4. Се задолжува Министерството за економија, по доставувањето на номинациите од страна на институциите, да достави Предлог-одлука за формирање на Совет за јавно приватно партнерство.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија „Дура Аутомотиве“ ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлуки и текст на Анекс Договорот бр.1, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија „Дура Аутомотиве“ ДООЕЛ Скопје - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија „Дура Аутомотиве“ ДООЕЛ Илинден - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за трговија и услуги „Аим Проперту“ ДООЕЛ Скопје заведен кај закуподавачот под бр. 09-961/1 од 22.6.2018 година, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата во врска со Барањето за донесување на одлука за отстапување на 200 000 килограми мазут М-1 и 20 000 литри екстра лесно гориво (нафта за домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје, со Предлог-одлука, заклучи да не ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје, согласно негативното Мислење на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (кое бара да се донесе нова „Уредба за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати“, со што ќе се регулира финансискиот трошок на складиштарите за задолжителни резерви).

## Точка 6

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ - Скопје,

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика и

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, во предложените текстови.

## Точка 7

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Македонија за Светската трговска организација, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи при имплементирањето на Одлуката да се почитуваат половата и етничката застапеност.

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање и делокруг на Координативно тело за интелектуална сопственост, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со утврдување на вредноста на бодот за плата на вработените во Оперативно техничката агенција, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за престанок на правото на користење на недвижна ствар сопственост на Република Македонија и Предлог-одлуката за пренесување право на сопственост на недвижна ствар, сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци без надомест и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на користењето на недвижни ствари сопственост на Република Македонија (нов текст-усогласен со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст.

2. Предлог-одлуката за пренесување на право на сопственост на недвижни ствари, сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци да се разгледа на седница на Влада откако Одлуката за престанок на користењето на недвижни ствари сопственост на Република Македонија ќе биде објавена во Службен весник на Република Македонија и ќе се спроведе бришење на корисничкото право на недвижните ствари во Катастарот на недвижности.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман бр.1 на Договорот за гаранција, склучен помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - V фаза, со усогласен текст на Амандман и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои усогласениот текст на Амандманот бр.1 на Договорот за гаранција, склучен помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската

инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - V фаза.

2. Се овластува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии да го потпише Амандманот бр.1 на Договорот за гаранција, склучен помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - V фаза.

3. Се задолжува Министерството за финансии до крајот на 2018 година до Владата да достави информација со соодветен предлог со можност за пласирање на финансиските средства (кредити) до компаниите во Република Македонија, директно преку Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, а не преку комерцијалните банки во државата.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности, статус и следни чекори во врска со формирањето на извршно тело за безбедност во сообраќајот и ја усвои со заклучок:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски, по добивање на резултатите од проектниот тим на КОНЕКТА и усвојување на истите од страна на Работната група за формирање на извршно тело кое ќе има одговорност за подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, во рок од 15 дена да подготви и до Владата да достави информација со:

• конкретен предлог за формирање извршно тело за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата,

• Предлог-систематизација на предложеното извршно тело за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата,

• Предлог-буџет за извршното тело за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата,

• начин на финансирање на извршното тело за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата и

• анализа на потребни законски измени на релевантната регулатива во Република Македонија.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за измена и дополнување на Законот за воздухопловство во делот на осигурување за штета причинета на трети лица на давателот на услуги на воздухопловната навигација и го задолжи Министерството за транспорт и врски да пристапи кон измени и дополнување на Законот за воздухопловство во делот на осигурување за штета причинета на трети лица на давателот на услуги на воздухопловната навигација и истиот да го достави до Владата во рок од 15 дена.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Шеснаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 29 ноември 2018 година во Скопје, Република Македонија (нов текст), ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Се задолжува Министерството за економија најдоцна до 28 ноември 2018 година да назначи свој претставник на високо ниво најмалку до државен секретар, кој ќе треба да учествува во работата на Шеснаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница, кој ќе се одржи на 29 ноември 2018 година во Скопје.

2. Се задолжува претставникот на Владата на Република Македонија да ги поддржи точките од дневниот ред на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 29 ноември 2018 година во Скопје, кои се за усвојување, согласно енергетската политика што е во ингеренции на Министерството за економија.

3. Се задолжува Министерството за економија по завршување на Шеснаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница, во рок од 30 дена до Владата да достави извештај за истиот.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Корзо“ - Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Александар 2 - Скопје, со седиште на ул. „Маркс и Енгелс“ бр. 2А, Битола - хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Шумски фенери“ - с. Трново, Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Шумски фенери“ - Битола, со седиште во с. Трново, Битола - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци“ во ловен реон Кочани со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Горица“ од с. Чешиново, со Предлог-одлуки за наредната седница на Владата.

**Точка 18**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр. 1 „Базерник“, бр.2 „Лесково“, бр.3 „Журче“ и бр.4 „Прибилци“ со кои управува концесионерот Здружение на

ловци „Долина на мечките“ од Демир Хисар, со Предлог-одлуки за наредната седница на Владата.

## Точка 19

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр.2 „Симница“, бр.3 „Јеловце“ и бр.6 „Балин Дол“ со кои управува концесионерот ДПТУ „Ас-комерц“ Владимир ДООЕЛ експорт - импорт Гостивар, со предлог -одлука за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштата за наредната седница на Владата.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација и предтретман на отпадни води во нас. Оморани (Васил Антевски Дрен) КО Оморани, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација и предтретман на отпадни води во нас. Оморани (Васил Антевски Дрен) КО Оморани, Општина Чашка, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со иницијативата Република Македонија да биде земја домаќин на вториот „Светски конгрес на претприемачи“ во 2019 година, со усогласен текст на „Протоколот за партнерство и соработка“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на „Протоколот за партнерство и соработка“.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, да го потпише „Протоколот за партнерство и соработка“ со Меѓународниот економски форум „Перспективи“, со седиште во Дубровник, Република Хрватска.

## Точка 22

Владата го разгледа Предлогот за отворање на почесен конзулат на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа Предлогот за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, со Предлог-решение и го донесе Решението за именување на почесен конзул на Република Македонија во Република Косово, со седиште во Грачаница, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за отворање почесен конзулат на Мексико во Република Македонија, со седиште во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Соединетите мексикански држави во Република Македонија, со седиште во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за именување на почесен конзул на Мексико во Република Македонија, со седиште во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за именување на Почесен конзул на Соединетите мексикански држави во Република Македонија, со седиште во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземените мерки во врска со понатамошниот развој и промоција на АП „Криволак“ како меѓународен полигон за обука и извежбување и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до 31.1.2019 година да изврши изземање на површините од ловиштата кои се преклопуваат со површината на АП „Криволак“ и да ги дефинира како неловни површини и при тоа да биде изземен појас во ширина од 5 км надвор од границите на полигонот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, а се укажува на АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје, веднаш да преземат мерки и активности за спречување на понатамошен ископ на песок од коритото на р. Вардар на потегот од с. Уланци - с. Криволак и за истото да ја известат Владата.

3. Се задолжува Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи во соработка со Министерството за одбрана, до 31.12.2018 година да изврши дислокација на надземните гробови кои се наоѓаат во објекти во реон на с. Хаџи Хамзали на АП Криволак.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за Програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2018 година, со Предлог-програма (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата за усвојување на Акциски план на Република Македонија за превенција и контрола на незаразни болести до 2025 година за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за здравство да изврши дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за отпочнување на постапката за формирање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Комисијата за именување да предложи шест члена од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, во Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, при што секој од нив да биде од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки), имајќи ги во предвид законските услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите, најдоцна до 14 декември 2018 година до Владата на Република Македонија, а Владата на Република Македонија да ги достави до Собранието на Република Македонија.
2. Се укажува на Интеруниверзитетската конференција да предложи шест члена од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија во Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик, согласно член 90 од Законот за високото образование, најдоцна до 14 декември 2018 година и да ги достави до Собранието на Република Македонија.
3. Се укажува на Интеруниверзитетската конференција да предложи еден член од редот на студентите во Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност, најдоцна до 14 декември 2018 година и да го достави до Собранието на Република Македонија.
4. Се укажува на Македонската академија на науките и уметностите да предложи еден член во Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност, најдоцна до 14 декември 2018 година и да го достави до Собранието на Република Македонија.
5. Се укажува на Стопанската комора на Македонија да предложи еден член во Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност, најдоцна до 14 декември 2018 година и да го достави до Собранието на Република Македонија.
6. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за работа на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност во рамки на буџетот на Министерството за образование и наука за 2019 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Македонија во проектната иницијатива „Регионален фонд за предизвици“ (“Regional Challenge Fund”) на Германската развојна банка KfW, со писмо за поддршка на проектот на англиски јазик ја усвои и ги задолжи д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука да го потпишат писмото за поддршка на проектот на англиски јазик, кое е составен дел на Информацијата.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за проширување на мрежата на детски градинки/центри за ран детски развој во Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2018 година, ја усвои Информацијата и му укажа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ги преземе сите потребни активности за подготовка и реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2019 година и да достави до Владата информација со Предлог-проект и акциски план, најдоцна до 15.12.2018 година

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул. „101" б.б. - Вратница, КП. 1443/17 КО Вратница - Општина Јегуновце, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за просторот наменет за „Центар за книга" или „Он-стоп канцеларија" врз основа на Меморандум за соработка, бр.13-10712/1 од 21.10.2015 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги провери можностите за реализација на целите од Меморандумот за соработка, бр.13-10712/1 од 21.10.2015 година, односно, отворање на „Он-стоп канцеларија", со цел на едно место да се издаваат дозволите за работа од Агенцијата за вработување на Република Македонија и дозволите за престој од Министерството за внатрешни работи со кадровски решенија од институциите и дел во кој Министерството за култура ќе отвори „Центар за книга" каде ќе се врши промоција на книгата и за истото да ја информира Владата на втората наредна седница.

2. Се задолжува Министерството за култура за набавената мебел опрема за објектот со намена, согласно Меморандумот за соработка, бр.13-10712/1 од 21.10.2015 година за „Центарот за книга", да подготви и во рок од 15 дена до Владата да достави предлог-одлука за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги „Линди гуроре"

ДООЕЛ увоз-извоз с. Стрелци, Кичево на локалитетот „Становец 2“, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за трговија и услуги Минерал МГТ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Гечерлиски Рид - 2“, Општина Босилово, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за укинување на увозната давачка- царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа Барањето на Лумније Мачани, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи го одби Барањето.

**Точка 40**

Владата го разгледа Барањето на Милазим Зекирај, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и го прифати Барањето.

**Точка 41**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за престанок на користење и давање на користење на недвижна ствар со заклучок Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности да го надминат прашањето на отстапување во запишаната површина и површината наведена во предметната одлука по службена должност.

**Точка 42**

Владата ги донесе новите текстови на одлуките за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово (9 одлуки), во предложените текстови.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Кичево, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Центарот за современа ликовна уметност - Прилеп.

**Точка 50**

Владата го разгледа Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 35 став (4) од Законот за енергетика е утврдено дека Регулаторна комисија за енергетика секоја година најдоцна до 31 октомври до Собранието на Република Македонија поднесува за усвојување предлог-финансиски план на Регулаторна комисија за енергетика за следната календарска година. Согласно став (5) од овој член Собранието на Република Македонија го усвојува предлог-финансискиот план и со одлука го утврдува

процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носители на лиценци. Доколку во една календарска година остварените приходи на Регулаторна комисија за енергетика се поголеми од реализираните расходи, за износот на разликата ќе се намалат планираните приходи во следниот предлог-финансиски план. Процентот на зафаќање на вкупниот приход не може да биде повисок од 0,1%.

Со Финансискиот план за 2019 година приходите на Регулаторна комисија за енергетика се планирани во вкупен износ од 83.041.070 денари и истите во однос на одобрените приходи за 2018 година се зголемени за околу 0,87%. Во структурата на приходите доминантни се приходите од надоместок од носители на лиценци кои вршат енергетска дејност и од давателите на водни услуги 73.028.299 денари, што претставува зголемување за 6,74% во однос на одобрениот приход со Финансискиот план за 2018 година.

Расходите на Регулаторната комисија за енергетика за 2019 година планирани се во рамките на планираните приходи. Зголемените расходи за 2019 година првенствено се поврзани со планирани средства за четиринаесет нови вработувања (четири лица се предвидува да се вработат до крајот на 2018 година и 10 лица се предвидува да се вработат во текот на 2019 година, како резултат на зголемени надлежности и обем на активности со новиот Закон за енергетика и Законот за утврдување на цените на водните услуги), зголемени трошоци за инвестиционо одржување на средствата и интелектуални и други услуги.

Со цел покривање на планираните расходи за 2019 година, предложено е процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и од годишниот приход на давателите на водни услуги да изнесува 0,0468% што претставува намалување од 5,83% во однос на одобрениот од 0,0497% во 2018 година и е понизок од законско утврдениот максимум од 0,1% од вкупниот приход на друштва што вршат енергетска дејност и давателите на водни услуги.
Владата на Република Македонија смета дека расходите по однос на авторски хонорари, договор на дело, консултантски услуги и набавка на моторни возила треба да се ревидираат на пониско ниво, имајќи го предвид нивното значително зголемување во 2019 година, споредбено со планираните расходи за 2018 година, односно расходите кои се планира да се реализираат до крајот на 2018 година.

## Точка 51

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), Македонската радио-телевизија е должна да донесе Годишен извештај за работа за претходната година и Годишна програма за работа за наредната година. Според став 2 од овој член, Годишната програма за работа за наредната година Македонската радио-телевизија е должна да ја достави до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 октомври во тековната година и истата особено треба да содржи: Програма за работа за наредната година со планирани активности особено за исполнување на програмските обврски на Македонската радио-телевизија, согласно овој закон и Финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и

расходи на Македонската радио-телевизија за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Македонската радио-телевизија, како и предвидените капитални инвестиции на Македонската радио-телевизија.

Според став 3 од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за наредната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Македонската радио-телевизија за тековната година, а според став 4 од овој член, Финансискиот план од став 2 алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 декември во тековната година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2019 година од формално правен аспект се укажува на следното:

1. Во правниот основ за донесување на Предлог-одлуката, во заградата треба да се наведе и бројот „168/18„ на „Службен весник на Република Македонија" во кој е објавено последното дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
2. Со оглед дека од насловот на Предлог-одлуката, како и од доставениот материјал произлегува дека се работи за Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2019 година, а не за Финансиски план за измена на истиот, член 1 од Предлог-одлуката ќе треба соодветно да се преработи во оваа смисла.
3. Текстот на Предлог-одлуката има потреба и од редакциско подобрување.

Во однос на работењето на Македонска радио-телевизија, континуирано во извештаите на Европската Унија за развојот на Република Македонија, вклучително и последниот кој се однесува за 2018 година, како и во препораките содржани во Извештајот на Прибе, се повикува на преземање дополнителни реформи за остварување на целосна уредувачка независност на јавниот сервис, како и зајакнување на професионалните и кадровските капацитети, во чии рамки ќе се земе предвид и улогата на јавноста, која треба да биде објективно и точно информирана.

Реформи во јавниот сервис покрај другото подразбира преземање активности во сите програмски сервиси во насока на:

- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди, односно целосна имплементација на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел обезбедување уредувачка независност, вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност и сеопфатност во информирањето;
- Обезбедување безбедност на новинарите и заштита на нивните права;
- Обезбедување отчетност кон јавноста т.е. обезбедување на механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитување на професионалните и етичките стандарди во емитуваните програми;
- Обезбедување на правото на одговор и исправка;
- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници, особено на новинарите за почитување на професионалните и етички новинарски стандарди;
- Учество на домашни и меѓународни настани, конференции итн.

Имајќи го предвид претходното, во Годишната програма за работа на Македонска радио-телевизија за 2019 година, детално треба да бидат прикажани планираните активности во однос на таксативно наведените реформи, во насока на надминување на забелешките од Европската Унија. За исполнување на активностите потребни се видливи резултати во делот на донесувањето и спроведувањето на општите правила за програмските и професионалните стандарди. Според Годишната програма за работа на Македонска радио-телевизија за 2019 година, потенцирана е потребата за обука на постоечкиот кадар (новинари, камермани, монтажери и други медиумски работници), за Вториот програмски

сервис - МТВ 2, што е за поздравување, но истовремено планови за обуки потребно е да се предвидат за сите програмски сервиси, со цел поквалитетно и професионално работење.

Исто така, според препораките на Советот на Европа и извештаите на Европската Унија, јавниот сервис треба да поттикнува кохезија меѓу граѓаните од различна етничка припадност во сите програмски сервиси, па во таа насока законската обврска за соработка со независните продукции не треба да содржи етнички предзнак, туку предност да им се даде на квалитетот на продуцираната програма и професионалните принципи.

Во насока на рационализација и оптимизација на работењето на Македонска радио-телевизија, како и избегнување на дуплирање на ресурсите потребно е сите програмски сервиси да се заложат за заедничко користење на постојните просторни и технички капацитети (опрема, студија, дописнички центри, возен парк, специјализирани репортажни возила, камери, монтажни столови, сценографија и сл.), како и на човечките ресурси (административни работници, новинари, камермани, монтажери и сл.), со цел средствата да се искористат за производство на поквалитетна домашна програма и обезбедување подобри новинарски стандарди.

Во Програмата за работа на Македонска радио-телевизија за 2019 година, се дефинирани активностите на претпријатието кои се состојат во производство и обезбедување на радио телевизиски програми на сите програмски сервиси, согласно законските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За реализација на предлог-програмите за 2019 година на сите програмски сервиси, претпријатието планира средства за финансирање на истите во Финансискиот план за 2019 година.

Имајќи го предвид наведеното, во однос на Предлог-планот за имплементација на вториот програмски сервис, кој за 2019 година содржи барање за зголемување на бројот на вработени и инвестирање во техничка опрема се укажува на потребата активностите кои истиот ги содржи да се реализираат во рамките на законски утврдените износи, согласно приоритетите и можностите на претпријатието.

Во Буџетот на Република Македонија за 2019 година за Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, 120 милиони денари се насочуваат за МТВ 2.
Од доставениот преглед на планирани приходи за 2019 година, може да се утврди дека Јавното претпријатие планира да реализира приходи во вкупен износ од 932.500.000,00 денари (намалување од 2.39% споредено со 2018 година). Во вкупно планираниот износ на приходи, најголемо е учеството на приходите од Буџетот на Република Македонија, кои за 2019 година се утврдени на ниво од 894.000.000 денари.

Расходната страна на претпријатието за 2019 година е утврдена на износ од 932.500.000,00 денари (зголемување од 9,62% во однос на 2018 година), во чиј износ влегува и износот на средства предвиден за инвестиции и набавка на опрема од 41.000.000,00 денари. Во вкупниот износ на расходи, позначајно учество имаат следните позиции: трошоци за вработени, трошоци за електрична енергија, трошоци за амортизација, услуги за одржување и заштита, трошоци за реклама, пропаганда и репрезентација, останати трошоци од работење и трошоци за членарини, котизации, такси, ЗАМП и останати услуги.

Во однос на зголемувањето кај трошоците за вработени, се укажува на потребата подетално да се образложат причините за планираното зголемување, пред се зголемувањето во делот

на бруто плати. Имено, планот треба да содржи посебен дел во кој ќе биде детално образложен начинот на утврдување на ставката бруто - плати, со податоци за:

• Број на постојни вработени на определено и неопределено време за кои се однесува реализацијата во 2018 година;

• Број на постојни вработени на определено и неопределено време за 2019 година и вкупно планиран износ за плати за истите (со пресметка за начинот на утврдување на износот);

• Број на планирани нови вработувања на определено и неопределено време согласно Годишен план за вработување за 2019 година (групирани по работни места согласно одобрена систематизација од Министерството за информатичко општество и администрација) и вкупно планиран износ на плати за истите;

• Планиран број на испразнети работни места по основ на пензионирање и други основи и

• Динамика на пополнување и испразнување на работни места, по месеци, усогласена со Годишен план за вработувања за 2019 година.

Воедно, потребно е да биде образложен износот на средства за 2019 година, планиран за ангажирање на лицата. Притоа, во однос на проекциите за непродуктивни расходи, потребно е истите да се ревидираат во насока на нивно намалување.

## Точка 52

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Љиљана Трповска од Тетово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101524 за КО Тетово - 2 на КП 5360 викано место / улица „Град Тетово“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 53

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 960136 за КО Чаир на КП бр. 3016 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 54

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2567 за КО Чаир за КП бр. 3021 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2542 за КО Чаир на КП бр. 2950 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2537 за КО Чаир на КП 3001 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2536 за КО Чаир на КП бр. 2993 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2565 за КО Чаир на КП 3004 и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2547 за КО Чаир на КП бр. 3009 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94660 за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев на КП бр. 3488 и по Понудата го усвои негативното Мислење на Агенцијата за катастар на недвижности и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотарот Ирфан Јонузовски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 95142 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр. 3948 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата го разгледа Известувањето од извршителот Игор Ромевски од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставено под И бр.2449/18 и по истото ги усвои известувањата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука и Мислењето на Општина Гази Баба.

**Точка 63**

Владата го разгледа Известувањето од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставено под И бр.813/18 и по истото ги усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 64

1. Владата за членови на Комисијата определена од министерот за здравство, која ќе ги верификува прашањата за првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот за директор, од редот на научни работници со звање доктор на науки од областа здравство, ги предлага:

- Проф. д-р Моме Спасовски
- Проф. д-р Елена Ќосевска
- Проф. д-р Драган Ѓоргев
- Проф. д-р Даниела Мамутчева
- Проф. д-р Атанаско Атанасовски.

2. Владата го разреши Дејан Гашоски од должноста член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа „Национален парк Пелистер" - Битола.

2.1. Владата ја именува Милена Тагасовска за член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа „Национален парк Пелистер"- Битола.

3. Владата го именува Дејан Гаџовски за член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа „Национален парк Галичица"-Охрид.

4. Владата го именува Ирфан Емини за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје.

5. Владата го разреши Љубиша Каранфиловски од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

6. Владата донесе Решение за поништување на Решението за разрешување на вршител на должноста член и именување член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, бр. 24-10738 од 20 ноември 2018 година.

7. Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државни правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје (2).

8. Владата го отповика Емин Аземи од должноста независен член на Надзорниот одбор на АД „Македонска информативна агенција АД" - Скопје, во државна сопственост.

8.1. Владата го избра Ардиан Исени за независен член на Надзорниот одбор на АД „Македонска информативна агенција АД" - Скопје, во државна сопственост.

9. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, да започне постапка за избор на директор на претпријатието.

До изборот на директор, да го избере Шпенди Хајредин, за в.д. директор на Јавното претпријатие.

10. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Македонски Телеком АД - Скопје, да го избере Сашо Симјановски за неизвршен - член на Одборот на директори на Друштвото.

## Точка 65

1. Владата заклучи да се измени Заклучокот од 93-та седница на Владата, одржана на 9.10.2018 година, донесен по Информацијата за состојбата со имотот распределен после завршување на стечајните постапки, со Табеларен преглед на недвижен и движен имот добиен од стечајни постапки (точка 11) и истиот да гласи:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од пет дена да формира работна група во врска со утврдување на фактичката и правната состојба со имотот распределен по завршување на стечајните постапки, со претставници од Министерството за финансии, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Министерството за труд и социјална политика.

2) Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, а се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од три дена да номинираат претставници за работната група до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

3) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Работната група да го координираат процесот на упис и продажба на имот стекнат по основ на стечајни постапки.

4) Се задолжува Работната група по завршувањето на процесот на упис и продажба на имот стекнат по основ на стечајни постапки, во рок од седум дена да ја информира Владата.

5) Се укажува на управните одбори на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија, а се задолжуваат министерот за финансии и директорите на Управата за имотно-правни работи и Управата за јавни приходи, да ја овластат институцијата што како стечаен доверител кој стекнал најголем дел од имотот, во нивно име и нивна сметка да ја изврши продажбата, како би се овозможило продажба на имотот во целина и по завршување на продажбата, институцијата што ја врши продажбата да ги распредели средствата добиени од продажбата сразмерно на уделот на секој поединечен стечаен доверител во чие име и за чија сметка ќе настапува во продажбата.

6) Се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија, а се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за

финансии - Управа за имотно-правни работи и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, согласно договорените насоки од Работната група, да поднесат барање до Бирото за судски вештачења за проценка на движниот и недвижниот имот.

7) Се задолжува Бирото за судски вештачења во најкраток можен рок по поднесеното Барање, да изврши процена на недвижниот и движниот имот, а трошоците да ги платат сите институции сразмерно на уделите.

2. Владата по Известувањето на Министерството за труд и социјална политика за потребата од изменување на Извадокот од Нацрт-записникот од Шеесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.3.2018 година, Точка 44 - Информација за воведување на професионална рехабилитација на лица со попреченост, заклучи да се измени рокот во истиот и наместо „најдоцна до 30 ноември 2018 година“ да биде „најдоцна до 30 ноември 2019 година.“

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 19.11.2018 година до 25.11.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 66**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Македонија за периодот јули - септември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, за периодот јули - септември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за периодот од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година, со образложенијата кон него, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од вклучување на Геолошкиот завод на Република Македонија во меѓународни проекти и отворање на меѓународна сметка за проекти од Европската Унија и проекти преку Асоцијацијата на Европските геолошки заводи (EuroGeoSurveys-EGS), како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенцијата за вработување на Република Македонија - сметка на буџет на фонд, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Македонија да достави одговор до Владата какви конкретни активности ќе преземе за утврдените состојби во наодите 4.2.4., 4.2.11. и 4.2.12. од Конечниот извештај.

2. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Македонија да достави иницијатива до надлежните институции за дефинирање на коефициенти за пресметка на плата за директорот и заменик директорот наведени во наодот 7.1. од Конечниот извештај.

3. Се задолжува Министерството за финансии писмено да се произнесе по утврдената состојба во наодот 6.2. од Конечниот извештај.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика писмено да се произнесе по утврдените состојби во наодот 6.3. од Конечниот извештај.

5. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Македонија да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 71

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Универзитетот во Тетово, Сметка на основен буџет (603), Сметка на буџет од самофинансирачки активности (788-10) и Сметка на буџет од самофинансирачки активности (788-25), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави одговор до Владата какви конкретни активности ќе преземе за утврдените состојби во Наодот 3.1.1. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за Сметка на основен буџет (603).

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави одговор до Владата какви конкретни активности ќе преземе за утврдените состојби во Наодот 3.1.1. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за Сметка на буџет од самофинансирачки активности (788-10).

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави одговор до Владата какви конкретни активности ќе преземе за утврдените состојби во Наодот 3.1.4. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за Сметка на основен буџет (603).

4. Се укажува на Државниот Универзитет во Тетово да пристапи кон изготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во

функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 72**

Владата ги разгледа Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност за 2017 година во ЈЗУ Општа болница „Куманово“ - Куманово, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да достави Одговор до Владата какви конкретни активности ќе преземе за утврдените состојби во Наодот 7.2. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за Сметка за средства од фондот (737).

2. Се задолжува ЈЗУ Општа болница Куманово да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 73**

Владата го разгледа Известувањето во врска со Записникот за давање на дар на Република Македонија од страна на лицето Петар Егуменовски, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Снежана Костовска - Фрчковска, државна советничка во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 75**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници м-р Енвер Хусејин, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководителка на сектор во Министерството за образование и наука.

## Точка 76

Владата го разгледа Предлог-законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавка на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државна советничка во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант за проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“, помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој, со усогласен текст на Договорот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои усогласениот текст на Договорот за грант за проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце -Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“, помеѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој.

2. Се овластува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии да го потпише Договор за грант за проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка-источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“, со Европската банка за обнова и развој.

## Точка 78

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2019 година, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок предлагачот пред одржување на истата, предметниот материјал да го достави до економските ресори на Владата, односно до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за информирање.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државната награда „22 Ноември“ - признание за унапредување на меѓучовечкиот соживот и меѓусебното разбирање меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери, како материјал за информирање.

## Точка 80

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изработката на Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41. сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО, со Предлог-извештај, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Го разгледа и прифати Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41. сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО.

2. Се задолжува Министерството за култура-Национална комисија за УНЕСКО да го достави Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41. сесија (Краков, Полска 2017) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО до Центарот за светско наследство на УНЕСКО до 1 декември 2018 година.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање да ја разгледа законската можност за одземање на надлежностите на Општина Охрид и Општина Струга во однос на стопанисување со плажите и до Владата да достави соодветен предлог заради надминување на сегашната состојба.

Исто така, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да имаат поголема респонзивност и размена на информации од оваа област.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистичко проектна документација за Државна урбанистичко планска документација за брана и акумулација Слупчанска Река, Општина Липково на: КП бр.2, КП бр. 3, КП бр. 4, КП бр. 5, КП бр. 6, КП бр. 7, КП бр. 8, КП бр. 9, КП бр. 10, КП бр. 11, КП бр. 12, КП бр. 13, КП бр. 14, КП бр.31/1, КП бр.32, КП бр.33, КП бр.34, КП бр.35, КП бр.2731/1, КП бр.2733, КП бр.2762 и КП бр.2748

во КО Слупчане - вон град и КП бр. 30/2, КП бр. 886, КП бр. 888, КП бр. 1263, КП бр. 1270 и КП бр. 2762 во КО Руница и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација за 2018 година со заклучок Министерството за транспорт и врски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

2. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот во рок од пет дена да достави дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на Државна урбанистичко планска документација за брана и акумулација Слупчанска Река, Општина Липково на КП бр.2, КП бр. 3, КП бр. 4, КП бр. 5, КП бр. 6, КП бр. 7, КП бр. 8, КП бр. 9, КП бр. 10, КП бр. 11, КП бр. 12, КП бр. 13, КП бр. 14, КП бр.31/1, КП бр.32, КП бр.33, КП бр.34, КП бр.35, КП бр.2731/1, КП бр.2733, КП бр.2762 и КП бр.2748 во КО Слупчане - вон град и КП бр. 30/2, КП бр. 886, КП бр. 888, КП бр. 1263, КП бр. 1270 и КП бр. 2762 во КО Руница.

3. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистичко планска документација во рок од 30 дена да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за склучување на Анекси бр.1 на Договорите за заем на МЖ Транспорт АД, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**